# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РОМСКАТА СОВЕТОДАВНА ГРУПА НА ГРАЃАНИ (Р С Г Г) ОД Р А Н К О В Ц Е ЗА 2009 г.

**Септември 2008**

## Визија на РССГ:

"Целосно интегрирани, Ромите да станат рамноправен и активен фактор во развојот на Ранковце и околината"

## Мисија:

Ромска Советодавна Група на Граѓани (Р С Г Г) е репрезентативна и оперативна група и ги застапува интересите на Ромската заедница пред локалната администрација и институции и има улога на активен фактор за социјална инклузија на Ромите.

## Области на делување:

- **Редовна комуникација со граѓаните Роми**
- **Идентификација на локалните проблеми на Ромската заедница и иницијативи за решавање на истите**
- **Презентирање и застапување на интересите на Ромската заедница во Ранковце и околината**

## Приоритети за 2009 г.:

***Подобрување на образованието на Ромите***

1. На иницијатива на РСГГ во 2009 година, Општина Ранковце да додели 3 стипендии за средношколци Роми за периодот 2009 - 2013 година.

***Промоција на Ромската култура во Ранковце и околината***

2. Да се одбележи светскиот ден на Ромите 8 ми Април во Општина Рнковце.

***Подобрување на инфраструктурата***

3. Поставување на канализациона мрежа во должина од 300 метри за централното подрачје во Општина Ранковце во периодот на 2009 година.

## ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ

Во 2009 година, РСГГ од Ранковци најголем приоритет му дава на проблемот од областа на образованието на Ромите:
**Низок степен на образованост на Ромите во Општина Ранковце.**

Во областа на промоцијата на Ромската култура како дел од националното културно богатство на Македонија и како еден од предусловите за надминување на предрасудите кон Ромите, РСГГ од Ранковце ја лоцираше потребата од:
**Одбележување на светскиот ден на Ромите 8 Април во Општината.**

Во централниот дел на оптина Ранковце каде што живеат значителен број на Ромски семејства нема канализација. Затоа во областа Подобрување на инфраструктурата, РСГГ на Ранковце смета дека постои реална потреба од:
**Поставување на канализациона мрежа во должина од 300 метри за централното подрачје на Ранковце.**

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ПО ОБЛАСТИ

***Подобрување на образованието на Ромите***

**Цел 1**. Подигање на степенот на образование преку доделување на 3 стипендии за средношколци за период 2009 - 2013 година.

**Задача:** РСГГ да достави барање и да лобира кај Советот на општината да додели 3 стипендии за средношколци Роми за период 2009 - 2013 г.

***Промоција на Ромската култура во Ранковце и околината***

**Цел 2**. Да се одбележи светскиот ден на Ромите 8 ми Април во Општина Ранковце.

**Задача:** Одбележувањето на Светскиот ден на Ромите, 8 ми Април, да влезе во програмата годишната програма на Општина Ранковце за 2009 година.

***Подобрување на инфраструктурата***

**Цел 3.** Да се постави канализациона мрежа во должина од 300 метри за централното подрачје во Општина Ранковце во периодот на 2009 година.

**Задача:** РСГГ да достави барање и да лобира кај Советот на општината поставувањето на канализцијата да влезе во годишната програма на Општина Ранковце за 2009 година.

## АКТИВНОСТИ

РСГГ во 2009 ќе работи на Подобрување на образованието на Ромите така што ќе:

- Организира информативна средба со претставници на Општината.
- Лобира кај Советот на Општина Ранковце за предлогот за доделување на 3 стипендии да влезе во годишната програма за 2009 година.

Одбележувањето на Светскиот ден на Ромите, 8 ми Април, ќе влезе во програмата годишната програма на Општина Ранковце за 2009 година преку следниве активности:

- Средба со Градоначалникот и претседателот на Советот на Општината,
- Доставување на барање до Советот на Општината и
- Доставување на Програма за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 ми Април.
- Координација на целата прослава.

Подобрувањето на инфраструктурата ќе се оствари така што:

- РСГГ ќе достави барање до Советот на општината поставувањето на канализцијата да влезе во годишната програма на Општина Ранковце за 2009 година.
- РСГГ ќе лобира да се подготви технички проект за изведба на канализацијата
- Ќе врши мониторинг на целокупната работа.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ОБЛАСТИ

***Подобрување на образованието на Ромите***

- Информирани институции и добиена поддршка.
- Убедени најмалку 5 советници од Општината да гласаат ЗА.
- Доделени 3 типендии.

***Промоција на Ромската култура во Кратово и околината***

- Одржана средба со Градоначалникот и претседателот на Советот на Општина Ранковце.
- Одобрена на програмата од страна на Советот на Општината
- Реализирана програмата за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 ми Април.
- Промовирана Ромската култура и обичаи со што ќе се намалат предрасудите и стереотипите спрема Ромите

***<u>Подобрување на инфраструктурата</u>***

- Одржана средба со Градоначалникот и претседателот на Советот на Општина Ранковце.
- Добиена подршка од Градоначалникот и најмалку 5 Советници.
- Поставена канализација во центарт на Ранковце во должина од 300 м. до крајот на 2009.

## Календар на активности на РСГГ од Ранковце за 2009 г.

| Активности | месеци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | јануари | февруар | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
| Редовни месечни состаноци на РСГГ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Информативни состаноци со локалната самоуправа | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Информативни состаноци со локални медиуми | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Состаноци со Ромската заедница | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Доставување на барање до Советот на Општината за доделување на 3 стипендии на средношколци Роми за период 2009 - 2013 г. | | | | X | | | | | | | | |
| Доставување на барање до Советот на Општината и Доставување на Програма за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 ми Април. | | X | X | | | | | | | | | |
| Координација на прославата за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 ми Април. | | | | X | X | | | | | | | |
| Доставување на барање да се постави канализациона мрежа во должина од 300 метри за централното подрачје во Општина Ранковце во периодот на 2009 година, до локалната самоуправа | X | X | | | | | | | | | | |
| Мониторинг на изведбата | | | | | | X | X | X | X | X | | |
| Подготовка на програма за работа на РСГГза 2010 г. | | | | | | | | | X | | | |
| Евалуација на програмата за 2009 г | | | | | | | | | | | | X |